09-1745/5
06-09-2021

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (Службен Весник на Република Македонија број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК), постапувајќи по пријава од непознат подносител, на 51 – та седница, одржана на ден 31.08.2021 година донесе

**О Д Л У К А**

СЕ ЗАПИРА постапката за утврдување судир на интереси против лицето ---------, претседател на Училишниот одбор на -------- од ------------, затоа што не се потврдени наводите од пријавата и не е утврдена состојба на судир на интереси.

Согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема основ за нејзино натамошно надлежно постапување во предметот со број 09-3529/1 од 12.07.2019 година.

Предметот со број 09-3529/1 од 12.07.2019 година, да се затвори и да се архивира.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09-3529/1 од 12.07.2019 година е оформен по поднесена анонимна пријава со наводи дека лицето ----------- била претседател на Училишниот одбор на ---------- од ----------- и претседател на комисија за јавни набавки, по што самата си определила награда од 30.000 ден за извршени работни задачи.

Исто така, во пријавата е наведено дека во учебната 2018/2019 год во истото училиште повеќе професори отсуствувале од работа, по што со лажна документација го оправдувале своето отсуство.

Во насока на утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, согласно член 76 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК ги провери наводите од пријавата и го утврди следното:

Лицето ------------ е вработена во ----------- од ------- како професор по Бизнис и претприемништво и Иновации и претприемништво од 31.08.2012 година. Истата, во текот на 2018 год била и член на Училишниот одбор и избрана за претседател на истиот одбор.

Директорката на наведеното училиште има донесено одлука за ангажирање на наведеното лице да врши работи од областа на јавните набавки, по што е склучен Договор за дело помеѓу училиштето и вршителот --------------.

На ден 16.08.2018 год е одржан состанок на Училишниот одбор, каде присуствува и --------. Помеѓу другите точки на дневен ред се расправа и за Предлог-одлука за за определување на восината на надоместокот што ќе се исплатува на лицето што ги врши работите на јавни набавки. Видено од записникот од одржаниот состанок, лицето --------- е изземена од гласање по таа точка на дневниот ред. Истата во својство на претседател на училишен одбор го потпишува записникот каде претходно се расправало горенаведеното. Врз основа на заклучок од одржан состанок на училишен одбор, директорката носи Одлука за определување на висината на надоместокот на лице што врши задачи од областа на јавните набавки, во вредност од 30.000 ден што треба да се исплатат при крајот од календарската година, од сопствена сметка, обезбедени од сопствени приходи на училиштето.

Вработената ----------- имала важечка потврда за положен испит за јавни набавки од 30.03.2018 година и истата има изготвено извештај за работата на лицето за јавни набавки за 2018 година. Исто така, од банкарски извод на промет и состојба на сметка бр. 54 било утврдено дека 30.000 ден се исплатени на сметка на вработената -----------. Согласно Државен просветен инспекторат, исплатата на лицето -------- е во согласност со Правилникот донесен од министерот за образование и наука, односно не е направена повреда на Законот за средното образование, ниту пак на Правилникот.

Во однос на наводите за отсуство на повеќе наставници, ДПИ утврди дека двајца наставници: -------- и ---------- отсуствувале поради болест, за што имаат извештај за спреченост од работа, а наставникот Роберт Цветковски поради учество на Проект организиран од Владата на РСМ бил отсутен од работа во тој период.

На седницата одржана на ден 31.08.2021 година, по разгледување на сите предметни наводи, ДКСК поаѓајќи од одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси констатира, да се запре постапката за утврдување судир на интереси во конкретниот случај затоа што не се потврдуваат наводите од пријавата и поради постапување на надлежен орган.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

По заклучок на ДКСК,
Изработил: К.З., раководител
Одобрил: Г.Т., член на ДКСК